**20201441888**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 во врска со член 54 став 1 точка 8 на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 27 февруари 2020 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПАКЕТИТЕ НА ЗАВРШЕНИ ЕПИЗОДИ НА ЛЕКУВАЊЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА - АМБУЛАНТСКИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативна здравствена заштита – амбулантски („Службен весник на Република Македонија” број 44/2010, 58/2010, 92/2010, 105/2010, 122/2010, 154/2010, 171/2010, 33/2011, 99/2011, 181/2011, 138/2012, 88/2013, 10/2014, 47/2014, 98/2014, 138/2014, 156/2014, 17/2015, 42/2015, 107/2016, 61/2017, 190/2017, 106/2018, 129/2018, 203/2018 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 70/2019 и 130/2019), во членот 2, во табелата со поднаслов РЕСПИРАТОРНИ ПАКЕТИ, по услугата АРП15 Реиздавање на СИПАП апарат, се додава следната табела:

| Шифра | Вид на здравствена услуга | Референтна цена |
|---|---|---|
| АРП16 | Специјалистички пакет со детекција на 21 причинител на горно респираторни инфекции со multiplex PCR Film array техника | 21.200 |
| АРП17 | Специјалистички пакет на детекција на 34 причинител на долно респираторни инфекции со multiplex PCR Film array техника | 21.200 |

Во табелата со поднаслов **НЕВРОЛОГИЈА**, по услугата АНМ 20 Дополнителен пакет за тромболитична терапија, се додава следната табела:

| Шифра | Вид на здравствена услуга | Референтна цена |
|---|---|---|
| АНМ21 | Невролошки пакет за набавка на апарат ВНС (стимулација на вагусен нерв), преглед и првично прилагодување на апаратот | 718.300 |
| АНМ22 | Невролошки пакет за контролен преглед и редовно прилагодување на апаратот ВНС | 1.060 |

Во табелата со поднаслов **Респираторни пакети за дијагностика и третман на респираторни заболувања кај децата**, по услугата ДРП13 Пакет за дијагностика на латентна ТБЦ инфекција и ТБЦ инфекција кај деца, се додава следната табела:

| Шифра | Вид на здравствена услуга | Референтна цена |
|---|---|---|
| ДРП16 | Специјалистички пакет со фекална панкреатична еластаза (ЕИА) | 3.630 |

Во табелата со поднаслов ОПШТИ ПАКЕТИ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ КОИ ВАЖАТ ЗА СИТЕ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНИ ДЕЈНОСТИ, по услугата АСК 16 Писмено стручно мислење (конзилијарно мислење), се додава следната табела:

| Шифра | Вид на здравствена услуга | Референтна цена |
|---|---|---|
| АСК17 | Административно прикажување за издавање терапија за домашни услови | 10 |

Во табелата со поднаслов **СЛУХ ГОВОР ГЛАС**, по услугата АСГМ 18 Комплетна дијагностика со рехабилитациски третман со тешка вербална и слушна комуникација над 20 дена, се додава следната табела:

| Шифра | Вид на здравствена услуга | Референтна цена |
|---|---|---|
| АСГМ19 | Логопедски индивидуален рехабилитациски третман за лица со афонија и дисфонија 5-10 дена | 7.340 |
| АСГМ20 | Рехабилитациски третман на лица со сензорни дисфункции 5-10 дена (интензивен) | 9.580 |
| АСГМ21 | Рехабилитациски третман на лица со сензорни дисфункции 10-14 дена (интензивен) | 14.780 |
| АСГМ22 | Рехабилитациски третман на лица со сензорни дисфункции 15-20 дена (интензивен) | 21.120 |
| АСГМ23 | Рехабилитациски третман на лица со тешка вербална и слушна патологија 5-10 дена (продолжен) | 13.620 |
| АСГМ24 | Рехабилитациски третман на лица со тешка вербална и слушна патологија 10-14 дена (продолжен) | 21.250 |
| АСГМ25 | Рехабилитациски третман на лица со тешка вербална и слушна патологија 15-20 дена (продолжен) | 30.580 |
| АСГМ26 | Логопедско-сурдолошки индивидуален рехабилитациски третман за 3-5 дена | **3.740** |

Во табелата со поднаслов Пакети на здравствени услуги од областа на инфективни болести, кај услугата со шифра АПИФ4- Инфектолошки пакет со спроведување на имунопрофилакса, во колоната со назив „референтна цена“ бројот „15.650“ се заменува со бројот „30.400“;

Во табелата со поднаслов СЛУХ ГОВОР ГЛАС, кај услугата АСГМ 1 Комплетна дијагностика на лица со пречки во вербална комуникација, во колоната со назив „референтна цена“ бројот „3.400“ се заменува со бројот „3.650“; кај услугата АСГМ 7 Ран рехабилитациски третман на деца до 3 години со тешка вербална и слушна комуникација за 10-14 дена, во колоната со назив „референтна цена“ бројот „11.100“ се заменува со бројот „11.220“; кај услугата АСГМ 8 Логопедско или сурдоаудиолошки индивидуален рехабилитациски третман до 10 дена, во колоната со назив „референтна цена“ бројот „8.500“ се заменува со бројот „8.620“; кај услугата АСГМ 9 Логопедско или сурдоаудиолошки индивидуален рехабилитациски третман над 10 дена, во колоната со назив „референтна цена“ бројот „12.750“ се заменува со бројот „12.870“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила следниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-5833/4
25 март 2020 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Дејан Николовски,** с.р.